Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-53/4
13-02-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-753/1 од 25.10.2023 година поднесена од во име на група жители на населба против Општина Гази Баба, градоначалникот Бобан Стефковски и Советот на Општина Гази Баба за извршена дискриминација врз основ на раса, етничка припадност и припадност на маргинализирана група во областа на пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 24.1.2024 година го донесе следното:

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основ на раса, етничка припадност и припадност на маргинализирана група во областа на пристап до добра и услуги од страна на Општина Гази Баба, градоначалникот Бобан Стефковски, Советот на Општина Гази Баба и врз група жители на населба .

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-705/1 од 25.10.2023 година, од во име на група жители на населба „Јурумлери", за сторена дискриминација врз основ на раса, етничка припадност и припадност на маргинализирана група во областа на пристап до добра и услуги, од страна на Општина Гази Баба, градоначалникот Бобан Стефковски, Советот на Општина Гази Баба и

Согласно наводите од претставката, истакнува дека Ромите кои живеат во населбата чии куќи се протегаат на една улица која се нарекува и „ромска" улица, се единствените од локалното население кои немаат асфалтиран пат до нивните домови. Притоа, поради ваквите услови, наведено е дека тие жители можат да стигнат до своите домови само по земјен пат, кој при врнежи станува каллив и ги отежнува условите на живеење за Ромите кои живеат таму. Дополнително е наведено дека поради ваквите врнежи, обувките на децата стануваат толку калливи што во училиштето често се предмет на подбивање од страна на останатите деца, додека наставниците им кажувале да си ги исчистат обувките. Подносителот истакнува дека останатите улици во Гази баба на кои не живее ромско население се асфалтирани, или пак се во тек на асфалтирање.

Во претставката е исто така истакнато дека се работи за ромско население кое живее во 100 куќи и се состои од околу 500 поединци меѓу кои има деца, жени, мажи и постари лица.

На крајот на претставката, наведено е дека со ваквото постапување на Општина Гази Баба се прави директна дискриминација врз основа на припадност на маргинализирана група, при што се тврди дека со оваа група е постапено понеповолно во однос на други лица и групи во фактичка споредлива и слична ситуација, со тоа што на маргинализираната група и се оневозможува пристапот до комунални услуги.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 25.10.2023 година испрати Известување бр. 08-753/2 за произнесување по наводите од претставката до Општина Гази Баба и нејзиниот градоначалник Бобан Стефковски, и Известување за произнесување бр. 08-753/3 до Советот на Општина Гази Баба и

На ден 13.11.2023 година во Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на Општина Гази Баба.

Во произнесувањето целосно се отфрлаат наводите за дискриминација од претставката. Притоа, од страна на општината и нејзиниот градоначалник се тврди дека во изминатите 2 години, при изготвување на буџетот за следната календарска година и при донесување на годишната програма за санација и реконструкција на патната инфраструктура, Општина Гази Баба ги предвидува приоритетите кои произлегуваат од предлозите на граѓаните на јавно одржаните состаноци и на месните урбани заедници, како и од предлозите на советниците од Советот на Општина Гази Баба, дополнително на оние активности кои се одредени како приоритети од страна на самата општина. Согласно претходно наведеното, во произнесувањето е дополнително наведено дека општината веќе интензивно работи во населеното место Јурумлери за што истакнуваат дека во моментот се одвиваат градежни активности на дел од патната инфраструктура, при што тврдат дека ваквите градежни активности ќе продолжат и во 2024 година, а согласно донесената програма за работа од страна на Советот на Општина Гази Баба.

На крајот на произнесувањето, истакнуваат дека наведената улица во населеното место Јурумлери е влезена во приоритетните улици за санација и реконструкција и согласно утврдената динамика, предвидено е истата да биде асфалтирана во наредниот период.

На ден 17.1.2024 година, согласно член 29 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата изврши увид во просториите на Општина Гази Баба, при што на увидот беа присутни

Увидот беше извршен со цел да се прибават дополнителни информации за целосно утврдување на фактичката состојба. Притоа, од страна на вработените во општината беше изнесено дека проблемот со неасфалтираните улици кој настанал во поради фактот што веќе подолг период се врши ископување на патот со цел поставување на фекална канализација, при што потребно е прво да се заврши ваквата инсталација за да постои можност за асфалтирање на улиците. Во однос на ова, беше укажано дека станувало збор за постепено асфалтирање на населбата Јурумлери во целост, а не само деловите во кои живее ромско население – освен улицата која е посочена во претставката за заштита од дискриминација, во ваквиот план за реконструкција и изградба на канализациската мрежа вклучени и улиците и . Дополнително беше наведено дека од Општина Гази Баба се запознаени со сите проблеми кои произлегуваат во населба при што во периодот на 2021-2022 година било дискутирано да се започне со изградба и реконструкција на канализациската мрежа и последователно асфалтирање на улиците, додека дури во 2023 година биле издвоени средства за улиците и Во однос на улица во периодот од средината до крајот на 2023 година, во Општина Гази Баба била остварена средба со 10 претставници кои се жители на оваа улица, согласно што предметната улица е ставена во приоритетните улици кои се планирани за асфалтирање во 2024 година. На крај, од општината истакнаа дека континуирано се залагаат за решавање на прашањата и проблемите со кои се соочуваат припадниците на

ромската заедница, поради што и направиле годишен проект и програма за решавање на ромските прашања и за таа цел за конкретната работа имаат вработена од Ромска етничка припадност која работи на предметниот проект. Дополнително беше истакнато и дека Ромското население не е сконцентрирано само на улица која е наведена во претставката за заштита од дискриминација, туку и во останатите улици во Јурумлери, како улица и , при што беше наведено и дека улица не е населена само со Ромско население, туку дека има и жители од друга етничка припадност, како на пример Македонци.

Согласно остварениот увид, членката – известителка на Комисијата ги задолжи вработените во Општина Гази Баба да достават списоци/евиденција за составот на жителите на населба Јурумлери, особено за споменатите улици , како и да го достават списокот со интерната програма на општината со цел да се увиди дали подрачјето на улица во Јурумлери е предвидено и со кој приоритет согласно планот за 2024 година.

На ден 22.1.2024 година, Општина Гази Баба ја достави бараната документација која се состоеше од:

- Проект на изведена состојба за Фекална вакуумска канализација за , Општина Гази Баба техн. бр. 122/2019 – К;
- Изведени приклучоци на вакуумска фекална канализација во
- Список за ревитализација и рехабилитација на улици, патишта, паркинзи на територија на Општина Гази Баба.

Земајќи ги предвид наводите во претставката, произнесувањето по истата, како и прибавените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на Општина Гази Баба и Советот на Општина Гази Баба врз група жители од населено место

Имено, Комисијата констатира дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација која согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација гласи:

*"Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."*

Согласно документација прибавена од Општина Гази Баба, Комисијата констатира дека во населеното место во тек е изведба на фекална канализација, вакуумска пречистителна станица и останати подземни инсталации согласно проектот на изведена состојба. Во врска со ова, од страна на општината беше образложено дека заклучно со денот на доставувањето на дополнителната документација, во е завршена реализацијата на фекалната канализација и подземните инсталации на улиците , (согласно доставената проектна документација). Во продолжение е наведено дека на улиците и , кои исто така се во еден дел населени со ромско население, се завршени сите приклучоци од индивидуалните објекти за домување, при што овие 2 улици се и асфалтирани до крајот на 2023 година.

Во однос на подрачјето на каде мнозинството од населението – но не целосно, е од ромска етничка припадност, дадена е информација дека е целосно завршено со фекалната

канализација, додека делумно се завршени индивидуалните приклучоци, за што во прилог е доставен и извештај и листа од индивидуални домаќинства кои се приклучени, меѓу кои може да се увиди и дека меѓу другото, има и лица од ромска етничка припадност.

Дополнително, видно од доставениот список од планските активности за ревитализација и рехабилитација на улици, патишта и паркинзи на територијата на Општина Гази Баба, е предвидено да биде асфалтирана непосредно по завршувањето со целосна изведба на фекалната канализација и останатите подземни инсталации, со што е претставува една од приоритетните улици кои се предвидени за асфалтирање согласно вака систематизираниот список и предвидениот буџет за 2024 година на Општина Гази Баба.

Разгледувајќи ја фактичката состојба, Комисијата утврди дека во конкретниот случај не станува збор за дискриминација, ценејќи го фактот дека во Општина Гази Баба во тек се активности за изведба на неколку подземни инсталации, при што ваквиот процес се одвива во неколку етапи. Оттука, при ваквата изведба на подземни инсталации во населеното место Општина Гази Баба проследува со асфалтирање на улиците каде истата се изведувала дури по нејзиното извршување и целосна инсталација. Дополнително на ова, работата на ваквите подземни инсталации во во завршна фаза, при што општината веќе започнала со асфалтирање на улиците каде истите се завршени, имајќи го предвид фактот дека станува збор за улици на кои живее население од различни етнички заедници, вклучително и Роми. Во однос на предметната која е наведена во претставката за заштита од дискриминација, истата не е исклучиво населена со жители кои припаѓаат на ромската етничка заедница, со што не станува збор за дискриминација на дел од населението на таа улица врз основ на нивната ромска етничка припадност.

Имајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата не пронајде дека кон група жители од населено место Јурумлери била сторена дискриминација врз основ на раса, етничка припадност и припадност на маргинализирана група во областа на пристап до добра и услуги од страна на Општина Гази Баба, градоначалникот Бобан Стефковски, Советот на Општина Гази баба и неговата врз група жители од населено место

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став 1 од истиот Закон, врз основа на погоре изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Скопје
12.2.2024

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
- Европски Центар за Правата на Ромите, Мустафа Асановски – mustafa.asanovski@errc.org
- Општина Гази Баба, Градоначалник Бобан Стефковски, ул. „Архимедова" бр. 2, 1000 Скопје
- Совет на Општина Гази Баба, претседателка на Советот Дијана Илиевска, ул. „Архимедова" бр. 2, 1000 Скопје